**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Комитет за следење на ИПАРД***

Примено: 20.05.2008
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
14-43/14

## Записник бр. 2

## Записник од првиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД

**27 мај, 2008 / Хотел Арка, Скопје**

**Листа на присутни:**

**Претседавач**

1. Д-р Перо Димшоски - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Претседавач на Комитетот за следење на ИПАРД, Заменик Министер

**Присутни членови**

1. М-р Перица Иваноски - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државен советник
2. Г-дин Живко Брајковски - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Раководител на сектор за европски интеграции
3. Г-дин Абдилгафар Синани - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Раководител на сектор за земјоделство
4. М-р Маја Парнарџиева - Министерство за финансии, Државен советник и Национален координатор за авторизација на ИПА фондовите
5. Г-ѓа Родопи Корнети-Јаковљевиќ - Министерство за економија, Раководител на сектор
6. на дел од состанокот претставувана од назначениот заменик Г-ѓа Гордана Шуклева, Советник за прехрамбена и туртунска индустрија– Министерство за економија
7. Г-ѓа Славица Јакимовска - Министерство за локална самоуправа, Државен советник
8. Г-ѓа Гордана Кожухарова - Министерство за животна средина и просторно планирање, Раководител на сектор
9. Г-дин Александар Николовски - Секретаријат за европски прашања, Соработник во одделение за интеграција во областа на земјоделство и безбедност на храна, Координатор на ИПАРД компонентата
10. Г-дин Тони Димовски - Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Директор
11. Г-дин Зоран Даневски - Сојуз на стопански комори, Претседател на Агробизнис комора
12. Г-дин Сашо Ристевски - Македонска асоцијација на преработувачи, Секретар
13. Г-дин Ѓоко Данаилов - Федерација на фармери на Македонија, Претседател
14. Г-дин Вељо Тантаров - Сојуз на земјоделците на Македонија, Претседател
15. Г-дин Благој Игновски – Движење на екологистите на Македонија, Претседател

**Присутни заменици на членови**

1. Г-дин Васко Ристовски - Стопанска комора на Македонија, самостоен советник
2. Г-дин Стојан Лазарев - Заедница на единиците на локалната самоуправа
3. Ирена Ангеловиќ Терзиќ - Национален совет на жените на Р.Македонија- СОЖМ, Координатор на програмата за еднакви можности и рурален развој

**Членови кои не присуствувале на состанокот:**

1. Г-дин Дејан Рунтевски - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Директор на Управа за ветеринарство
2. Г-ѓа Весна Илиевска - Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството, Раководител на сектор
3. Проф. д-р Драги Димитриевски, Факултет за земјоделски науки и храна
4. Г-ѓа Стојмирка Тасевска - Стопанска комора на Македонија, Директор на Дирекција за претставување и застапување на членките
5. Г-ѓа Наташа Вртеска – Заедница на единиците на локалната самоуправа
6. Г-ѓа Савка Тодоровска – Национален совет на жените на Р.Македонија- СОЖМ, Претседател

**Претставник на Европската Комисија**

1. Г-ѓа Андреа Грајнер, Директорат за земјоделство и рурален развој, Одделение за предпристапна помош, одговорна за земјата кадидат Република Македонија

**Претставници во својство на набљудувачи**

1. Г-дин Ѓорѓи Кочовски, Занаетчиска комора на Република Македонија, Претседател;
2. Г-дин Љубиша Николовски, Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија;
3. 3.Г-ѓа Славица Богоева, Стопанска комора на Република Македонија, Здружение за банкарство;
4. Г-дин Нафи Сарачини, Мисија на Европската Унија во Република Македонија;
5. 5.Г-дин Александар Зарков, Сојуз на стопански комори, координатор на Агробизнис комората, заменик член на Комитетот за следење на ИПАРД;
6. Г-дин Никола Наумовски, Секретаријат за европски прашања, Одделение за мониторинг и евалуација, заменик член на Комитетот за следење на ИПАРД;
7. Г-ѓица Александра Николовска, Министерство за финансии, Национален фонд;
8. Г-дин Костадин Кус-Иванов, Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, заменик член на Комитетот за следење на ИПАРД
9. Г-ѓа Дори Павлоска Ѓорѓиеска, Национален координатор на СФАРМ проектот за поддршка на земјоделски здруженија во Република Македонија
10. Г-дин Џан Паоло Капонера, Техничка помош за поддршка на програмирањето и имплементацијата на ИПАРД
11. Г-ѓица Билјана Костовска, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Советник на Заменик Министер

**<u>Сектретаријат на Комитетот за следење на ИПАРД</u>**

1. М-р Маргарита Делева - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Заменик претседавач на Комитетот за следење на ИПАРД, Државен советник и Раководител на Органот за управување со ИПАРД фондовите
2. Г-ѓица Тина Ангелеска, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Помлад соработник
3. Г-ѓа Гордана Смилеска, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, референт
4. Г-дин Виктор Младеновски, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Помлад соработник

**Резултати: Сите 18 членови со право на глас учествуваа на состанокот, од вкупно 21 со право на глас. Беше постигнат кворум со што се донесоа соодветни одлуки.**

Листата на членови со листата за проверка на присутни на состанокот на Комитетот, листата на претставници и набљудувачи се дадени во ***Анекс 1.***

## II. АГЕНДА

Состанокот беше одржан според следнава агенда:

1. Почеток на состанокот и поздравен говор
2. Официјално објавување за формирање на Комитетот за следење на ИПАРД
3. Одобрување на Агендата
4. Усвојување на записникот на првиот неофицијален состанок на Комитетот за следење на ИПАРД (одржан на 31 Октомври 2007)
5. Презентација и дискусија во однос на Деловникот за работа на Комитетот
6. Усвојување на Деловникот за работа на Комитетот
7. Презентација на состојбата со усвојувањето на ИПА Рамковната спогодба и ИПАРД Секторската спогодба
8. Информација за усвојување на стратешкиот плански документ на Европската Комисија за ИПАРД: Повеќегодишен индикативен плански документ 2008-2010
9. Информација за финансиска алокација (Повеќегодишен финансиски договор) и финансиска имплементација на ИПАРД
10. Информација за прогресот на подготовките за акредитација на оперативните структури за ИПАРД
11. Прогрес на имплементацијата на ИПАРД Програмата (процес на акредитација)
12. Усвојување на ИПАРД Оперативната Програма 2007-2013 вклучително и критериумите за селекција

13. Презентација и усвојување на модификациите на Оперативната Програма 2007-2013, вклучително и модификациите на финансиските табели во Програмата согласно Повеќегодишниот индикативен плански документ 2008-2010
14. Презентација на табелите за мониторинг на и водичот за мониторингт
15. Презентација на тековната евалуација
16. Информација за имплементацијата на Акциониот План за мерката техничка помош за 2008 година и одобрување на Планот за комуникација и публицитет
17. Информација за рурално кредитирање,
18. Информација за воспоставување на единствен регистар на земјоделски стопанства при МЗШВ, информација за Националната програма за рурален развој 2008 и комплементарност со ИПАРД Програмата, дефиниција на рурални области
19. Земјоделски кредитно дисконтен фонд
20. Разно (Информација за советодавните мисии на ревизорите; потпишување на изјавите за етичко однесување на членовите)
21. Предлози за агендата на следниот состанок / усогласување на датум
22. Затворање на состанокот

## III. Белешки од состанокот на ИПАРД Комитетот за следење

***Во врска со точка 1 од Агендата :***

Состанокот го отвори Претседавачот на Комитетот за следење на ИПАРД, господинот Перо Димшоски (во понатамошниот текст Претседавачот) посакувајќи им добредојде на присутните

Претседавачот информираше дека на 19 декември 2007, Националниот план за земјоделство и рурален развој на Република Македонија 2007-2013 под Инструментот на Европската Унија за претпристапна помош за рурален развој (ИПАРД) (во понатамошниот текст ИПАРД Програмата) беше усвоен од страна на Европската Комисија.

Потоа, информираше дека Европската Комисија ги зголеми средствата за Република Македонија во рамките на ИПАРД Програмата за 12,5 милиони евра алоцирани за 2010 година како надополнување на сумата од 19 милиони евра алоцирани за периодот од 2007-2009.

***Во врска со точка 2 од Агендата:***

Претседавачот најави дека за време на одржувањето на состанокот на Комитетот, во тек е Владина седница на чиј дневен ред е и одлуката за формирање на Комитетот која се очекува да биде усвоена од Владата на Р. Македонија на оваа седница (27 мај 2008).

***Во врска со точка 3 од Агендата:***

Господинот Перица Ивановски, во својство на член на Комитетот предложи точката 19 од дневниот ред која се однесува на презентацијата на земјоделскиот кредитно дисконтен фонд да се помести по точката 17 затоа што е поврзана со руралното кредитирање кое се обработува во точка 17.

Бидејќи немаше забелешки од страна на присутните по однос на предлогот на господинот Ивановски, Претседавачот објави дека точка 19 од дневниот ред се praместува после точката 17 заради содржинската поврзаност помеѓу овие две точки.

*Според точка 3 од Агендата Комитетот за следење донесе одлука:*

| |
|---|
| ***Одлука бр.1*** |
| **Комитетот за следење на ИПАРД ќе ја разгледа предлог Агендата , како Агенда од првиот состанок на Мониторинг Комитетот со една модификација во врска со точка 19 од Агендата која се поместува после точка 17 .** |

***Во врска со точка 4 од Агендата :***

Госпоѓа Маргарита Делева информираше дека на првиот неофицијален состанок на Комитетот за следење на ИПАРД одржан на 31 Октомври 2007 и извести за постигнатиот прогрес.

Во продолжение, Претседавачот и даде збор на госпоѓа Грајнер која истакна дека Европската Комисија има позитивно мислење за предлог записникот на првиот неофицијален состанок на Комитетот за следење на ИПАРД одржан на 31 Октомври 2007. Воедно таа појасни дека претставниците на Европската Комисија ќе присуствуваат на состаноците на Комитетот за следење на ИПАРД во улога на набљудувачи и ќе обезбедат мислење за секое прашање кое согласно пишаната процедура ќе биде доставено до Комисијата од страна на националните надлежни тела.
Во отсуство на други коментари за нацрт записникот од првиот Комитет за следење на ИПАРД, Претседавачот заклучи дека записникот е усвоен.

*Според точка 4 од Агендата, Комитетот за следење донесе одлука:*

| |
|---|
| ***Одлука бр.2*** |
| **Комитетот за следење на ИПАРД го усвои записникот од Комитетот за следење на ИПАРД во сенка (одржан на 31 октомври 2007)** |

Записникот од Комитетот за следење на ИПАРД во сенка е прикажан во ***Анекс 3*** од овој документ.

***Во врска со точка 5 од Агендата:***

Госпоѓа Делева појасни дека една од обврските кои ги има Комитетот согласно Секторската спогодба е да донесе Деловник за работа. Таа информираше дека Органот за управување со ИПАРД во соработка со Европската Комисија изработи нацрт Деловник за работа на Комитетот за следење на ИПАРД кој се наоѓа во приложените материјали. Г-ѓа Јаковљевиќ, даде сугестија терминологијата на Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД треба технички да се подобри и да се усвои од страна на членовите.

Госпоѓа Грајнер како претставник на Европската Комисија даде забелшка на две прашања:

1. Листата на членови на Комитетот предложена на првиот неофицијален состанок на Комитетот се разликува од онаа која е предложена во Деловникот.
2. Постои нееднаква застапеност на владиниот и невладиниот сектор во листата на членови на Комитетот., за што побара објаснување и

нагласи дека бројот на претставници од владиниот и невладиниот сектор треба да е еднаков.

На првата забелешка на Комисијата, госпоѓа Делева одговори дека за разлика од составот на неофицијалниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, составот на Комитетот за следење на ИПАРД кој е предложен во Деловникот е проширен со претставници за прашањата од аспект на заштита на животна средина, образование и наука (чиј претставник се извини за неприсуството на овој состанок и ќе се приклучи подоцна) и Здружението на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС).

Госпоѓа Делева даде појаснување за втората забелешка од претставникот од Еврпската Комисија дека соодносот е 9:12 невладин спрема владин сектор (вклучувајќи го и Претседавачот). Исто така истакна дека за почеток на процесот пред имплементација на ИПАРД Програмата, овој баланс е доследен на процесите на подготовка за акредитација и имплементација на ИПАРД Програмата. Сите релевантни организации и претставници на секторите од аспект на земјоделство и рурален развој имаат можност да бидат вклучени во работата на Комитетот за следење на ИПАРД доколку членовите ја утврдат таа потреба согласно Деловникот.

***Во врска со точка 6 од Агендата:***

*Според точка 6 од Агендата Комитетот за следење донесе одлука:*

***Одлука бр.3***

**Комитетот за следење на ИПАРД даде позитивно мислење за Деловникот за работа со препорака дека истиот ќе биде технички подобрен од страна на секретаријатот на Комитетот за следење на ИПАРД.**

Предлог Деловник за работа на Комитетот за следење на ИПАРД е прикажан во ***Анекс 4*** од овој документ.

***Во врска со точка 7 од Агендата :***

Презентацијата ја одржа претставникот на Националниот ИПА Координатор, господинот Александар Николовски.

Господинот Николовски во име на Националниот ИПА координатор, им посака успешна работа на членовите на Комитетот за следење на ИПАРД и истакна дека членството во Комитетот е од огромна важност за Република Македонија. Тој им се обрати на членовите на Комитетот потенцирајќи дека секој од нив ги претставува интересите на институцијата од која доаѓа, но едновремено и интересите на Република Македонија во однос на инструментот за претпристапна помош за рурален развој.

Презентацијата е претставена во ***Анекс 5*** во овој документ.

***Во врска со точка 8 од Агендата :***

Госпоѓа Делева, Заменик претседавач на Комитетит за следење на ИПАРД продолжи да претседава со состанокот и ја најави презентацијата на Повеќегодишниот индикативен плански документ 2008-2010 како стратешка рамка за програмирање на ИПАРД која ќе биде претставена од страна на госпоѓа Андреа Грајнер, претставник на Европската Комисија.

Новиот предложен Повеќегодишен индикативен плански документ 2008-2010, доби позитивно мислење од ИПА Комитетот кој се одржа на 19 мај 2008 во Брисел. Со овој документ, за петтата компонентата (ИПАРД) се алоцирани дополнителни 12,5 милиони евра, со што вкупниот финансиски

пакет за периодот 2007-2010 изнесува 31,5 милиони евра кои ќе бидат имплементирани согласно ИПАРД програмата.

Повеќегодишниот индикативен плански документ 2008-2010(МИПД) е прикажан во ***Анекс 6*** од овој документ.

***Во врска со точка 9 од Агендата:***

Националниот координатор за авторизација, информираше за финансиските алокации за 2009 по мерка и информираше дека предлог алокации за 2010 и 2011 се изработени.

НАО информираше за техниката со која ќе бидат буџетирани, односно предвидени овие средства. Согласно одлука на Влада, ИПА фондовите ке бидат евидентирани во Министерството за финансии, односно во Националниот фонд, додека пак предвидените средства како задолжително национално кофинансирање на ИПА фондовите ќе бидат предвидени во буџетот на ИПАРД Агенцијата.

*Целосната информација е приложена во **Анекс 7** од овој документ.*

***Во врска со точка 10 од Агендата :***

Госпоѓа Парнарџиева информираше за прогресот на подготовките за акредитација на Оперативните структури за ИПАРД.

*Целосната презентација е приложена во **Анекс 8** од овој документ.*

***Во врска со точка 11 од Агендата :***

Директорот на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, господинот Тони Димовски одржа презентација за прогресот во процесот на акредитација, односно имплементацијата на ИПАРД Програмата.

*Целосната презентација е приложена во **Анекс 9** од овој документ.*

***Во врска со точките 12 од Агендата:***

Госпоѓа Маргарита Делева информираше во врска со содржината на ИПАРД Програмата и за процесот на усвојување на истата од страна на Европската Комисија.

***<u>Одлука бр.4</u>***

**Комитетот за следење на ИПАРД даде позитивно мислење за матрица за модификации на ИПАРД Проаграмата како што беше усвона на 25 Февруари 2008 со одлука на Европската Комисија.**

***Во врска со точка 13 од Агендата:***

Претставникот на Европската Комисија, госпоѓа Андреа Грајнер, информираше дека Европската Комисија е во постојана коресподенција со националните надлежни тела во однос на процесот на модификација на ИПАРД Програмата. Првиот предлог модификации беше доставен до Комисијата во февруари 2008, а во моментов модификациите се во фаза на финализирање. По одобрувањето, односно позитивното мислење по однос на ИПАРД Програмата кое ќе го даде Комитетот за следење на ИПАРД, Комисијата очекува модифицираната ИПАРД Програма со официјално писмо да биде пратена до Европската Комисија. Европската Комисија ќе направи напори модифицираната ИПАРД Програма да биде презентирана на следниот Комитет за рурален развој во јули 2008.

***Одлука бр.9***

**Комитетот за следење на ИПАРД ги одобри модификациите на финансиските табели во Програмата согласно МИПО 2008-2010 и му даде мандат на Управувачкото тело за ИПАРД да продолжи со активности за модификации.**

Матрицата за модификации на ИПАРД Програмата е прикажана во ***Анекс 11*** од овој документ.

***Во врска со точка 14 од Агендата:***

Информација по однос на оваа точка даде претставникот на Евроспката Комисија. Главните насоки за следењето и оценката на индикаторите кои се веќе усвоени во Програмата и модификациите на истата, ќе бидат дадени на семинар за мониторинг и евалуација кој ќе се одржи во Брисел во втората недела на Јули за сите земји кандидатки.

***Во врска со точка 15 од Агендата:***

Информација по однос на оваа точка даде претставникот на Евроспката Комисија. Во однос на водичите за оценување, госпоѓа Грајнер истакна дека основните индикатори се веќе усвоени во ИПАРД Програмата. Процедурата за оценување ќе биде согласно водичот и согласно член 65, 66 и 67 од Секторската спогодба кои се однесуваат на тековно оценување, среднорочно оценување и последователно оценување. Главно, оценувањето ќе биде извршено од надворешно независно ревизорско тело.

Следењето ќе се врши врз основа на прогресот во ефикасноста и ефективноста на имплементацијата на ИПАРД Програмата врз база на индикатори на влез, излез и резултати.

*Според точка 15 од Агендата Комитетот за следење донесе одлука:*

***Одлука бр.10***

**Комитетот за следење на ИПАРД ќе го разгледа Водичот за следење одобрен од Европската Комисија.**

Насоки за проценка на ефективноста, ефикасноста и релевантноста на мерките и ИПАРД Програмата во целост се прикажани во ***Анекс 12*** од овој документ.

***Во врска со точка 16 од Агендата :***

Госпоѓа Делева накратко ги претстави активностите кои Телото за управување ги предлага во однос на информирање и публицитет, согласно Планот за Комуникација .

*Според точка 16 од Агендата Комитетот за следење донесе одлука:*

***Одлука бр.11***

**Комитетот за следење на ИПАРД ќе ги усвои информациите за спроведување на Акциониот план за техничката помош за 2008 и одобрени од Планот за Комуникација и информирање на јавноста.**

Акциониот план за комуникација е прикажан во ***Анекс 13*** од овој документ.

***Во врска со точка 17 од Агендата :***

М-р Перица Ивановски, Државен советник за земјоделска политика, презентираше за состојбата со финансиските услуги во земјоделството и руралните подрачја. Тој информираше дека Владата формирала нов

финансиски инструмент за рурално кредитирање, кој започна да се имплементира во почетокот на 2008 година и треба да овозможи зголемена понуда на средства за развој на земјоделството и руралните подрачја. Овој инструмент се имплементира преку Земјоделскиот кредитно дисконтен фонд во рамките на Министерството за финансии.

Презентацијата од г-дин Ивановски е претставена во ***Анекс 14*** од овој документ.

*Според точка 17 од Агендата Комитетот за следење донесе одлука*:

| |
|---|
| ***<u>Одлука бр.12</u>***<br>**Комитетот за следење на ИПАРД ќе ги усвои информациите за рурално кредитирање.** |

Презентацијата е прикажана во ***Анекс 15*** од овој документ.

***Во врска со точка 18 од Агендата:***

Господин Ивановски истакна дека една од клучните институционални работи која треба да се постигне во зајакнување на капацитетот на МЗШВ е воспоставување на единствен регистар на земјоделски стопанства во Република Македонија. Регистарот треба да овозможи целосна евиденција на сите земјоделски стопанства во Република Македонија и треба да создаде услови за дизајнирање, администрирање и следење на имплементацијата на ефикасни политики и мерки во земјоделството и руралниот развој, особено политиките за поддршка, како и политиките во надлежност на Комитетот за следење на ИПАРД, односно политиките за рурален развој.

Во продолжение госпоѓа Делева даде кратка информација во однос на Националната програма за рурален развој за 2008 година.

Националната програма за рурален развој и понатаму ќе се збогатува со мерки кои се планира да преминат во ИПАРД Програмата, согласно принципот дека пред вклучување на мерка во ИПАРД, истата се пилотира со национални средства при што се учи од позитивните и негативните искуства.

Во однос на дефиницијата за рурални средини, госпоѓа Делева истакна дека е изготвен Правилник за дефинирање на рурални средини кој треба да влезе во Владина процедура.

За збор се јави господинот Тантаров, претставник на Сојузот на земјоделци на Република Македонија кој упати прашање во врска со единствениот регистар на земјоделски стопанства. Тој истакна дека регистарот е од големо значење за искористување на средствата од ИПАРД и за искористување на буџетските средства. Тој истакна дека со пописот на земјоделство изработен минатата година, постигнат е број од 190 000 земјоделски домаќинства. Тој постави прашање, колку од нив имаат аплицирано за евидентирање во регистарот и колку има регистрирани земјоделци?

Господинот Ивановски одговори дека бројот на земјоделци кои поднеле барање за финансиска поддршка по досегашните програми во областа на производство на тутун за кој е завршена исплатата е 25 000 земјоделци. За сите други сектори во делот на сите други мерки за финансиска поддршка на земјоделството, органското производство и рибарството, до сега бројот изнесува 30 000, што заедно со тутунарите изнесува вкупно 50 000. Овој број се очекува да биде поголем со оглед на тоа што рокот за аплицирање е продолжен и има земјоделци кои се во постапка на аплицирање. На тој

износ ќе се надополнат и тие што ќе аплицираат за Програмата за рурален развој за која е објавен оглас за првите три мерки. Испечетени се 70 000 барања за упис во регистарот и истите се дистрибуирани преку подрачните единици на МЗШВ, Агенцијата за поддршка на развој на земјоделството и преку дополнителни советници ангажирани за поблиска презентација на политиките на терен. Прибирањето на апликациите е во тек и бројот на апликациите е малку помал од бројот на барања за финансиска поддршка. Господин Ивановски заклучи дека околу 50 000 земјоделци имаат поднесено барање за упис во регистарот. Тој истакна дека процесот за барања за упис не е директно врзан со процесот на аплицирање на некоја од програмите и ќе тече и после роковите за аплицирање за финансиска поддршка, при што перманентно ќе се врши упис и ажуруирање на податоците.

Како надополнување, господинот Димовски, Директор на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, истакна дека треба да се има предвид дека исплатата на субвенциите оди во фази. Првата фаза заврши и постојат податоци за оние кои се пријавиле во оваа фаза. Втората фаза е уште во тек и кога истата ќе заврши, ќе се направат анализи и ќе има попрецизна слика за тоа колку земјоделци се опфатени со регистрирањето.

Госпоѓа Корнети-Јаковљевиќ постави прашање упатено до господинот Ивановски во однос на бројот на апликации за житни култури, со оглед на тоа што рокот за пријавување на житните култури е до крајот на март.

Господинот Ивановски одговори дека рокот е продолжен до крајот на јуни, вклучително и за житните култури. До крајот на март беше рокот за аплицирање за житните култури и повеќегодишните посеви засејани во периодот есен 2007 и пролет 2008 со цел парите да се добијат фазно, односно тие што зајсејаа во есента 2007 веќе ги имаат добиено парите, а за пролетните посеви рокот е продолжен до крај на јуни. Господин Ивановски рече дека нема точна информација во однос на бројот на апликанти за житни култури и дека таа информација може да ја достави дополнително.

Господин Данаилов, Претседател на федерацијата на фармери на Македонија истакна дека во регистарот се пријавуваат земјоделци кои ги произведуваат оние култури за кои има субвенции. Притоа, непокриени ќе останат оние земјоделски стопанства за кои нема субвенции. Господинот Паланков побара да се најде начин како и тие да се вклучат.

Госпоѓа Делева се согласи и одговори дека преку Програмата за рурален развој ќе се стимулираат тие кои не се опфатени со програмата за субвенции. На пример за разлика од директната поддршка за која се потребни минимум 0,3 ha по одредена житна култура, за Програмата за рурален развој потребни се 0,3 ha житни култури вкупно. За разлика од бројката од 190 000 земјоделски стопанства согласно пописот каде критериумите беа многу ниски и секој оној кој имаше и мала бавча беше евидентиран како земјоделец, овие 50 000 регистрирани земјоделски стопанства се вистински земјоделци. Таа истакна дека ќе има кампања, мерките се фазни, имплементацијата на законот е постојана и ќе се дојде до бројка кога сите ќе го задоволуваат критериумот за аплицирање за ИПАРД кој се однесува на регистриран земјоделец и потоа ќе треба да се задоволат другите критериуми.

Господин Ивановски истакна дека иако сега регистрирањето е поврзано со аплицирањето за финансиска поддршка, регистрирањето ќе продолжи и после крајниот рок за аплицирање за финансиска поддршка. Неповрзано со процесот на аплицирање за финансиска поддршка, господин Ивановски

најави кампања за поддршка на регистрирањето. Тој истакна дека улогата на здруженијата во процесот на регистрирање ќе биде многу важна. Како дополнителен мотив за регистрирање, истакна дека од следната година како услов за финансирање по однос на Програмите на МЗШВ и за користење на средствата од Земјоделскиот кредитен дисконтен фонд ќе биде апликантите да бидат регистрирани. Тој истакна дека земјоделците што мора минимум да направат за да ги добијат средствата за поддршка кои се зголемуваат во текот на годините е да ги дадат своите основни податоци.

*Според точка 18 од Агендата Комитетот за следење донесе одлука:*

**<u>Одлука бр.13</u>**

**Комитетот за следење на ИПАРД ја прифаќа информацијата за воспоставување на земјоделски регистар на МЗШВ, Националната Програма за рурален развој и нејзините комплементарности со ИПАРД Програмата, дефиниција за Рурален развој.**

***Во врска со точката 19 од Агендата*:**

Презентација одржа госпоѓа Ефимија Печинска, Раководител на Земјоделскиот кредитно дисконтен фонд при Министерството за финансии.

*Според точка 19 од Агендата Комитетот за следење донесе одлука:*

**<u>Одлука бр.14</u>**

**Комитетот за следење на ИПАРД ги прифаќа информациите за руралното кредитирање.**

Презентацијата е прикажана во ***Анекс 15*** од овој документ

***Во врска со точката 20 од Агендата:***

Госпоѓа Делева побара од членовите на Комитетот за следење на ИПАРД да потпишат Изјава за етичко однесување на членовите на Секторскиот комитет за следење на инструментот за претпристапна помош за рурален развој (ИПАРД). Членовите ги потпишаа изјавите.

***Во врска со точката 21 од Агендата:***

Претседавачот истакна дека предлог на Министерството за земјоделство усогласен со претставникот на Европската Комисија е следниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД да се одржи во декември 2008, при што членовите ќе добијат дополнително известување за конкретниот датум. Коментари на овој предлог не беа дадени и господинот Димшоски заклучи дека следниот состанок ќе се одржи во декември 2008.

Претседавачот побара предлози за агендата за следниот состанок. Госпоѓа Корнети – Јаковљевиќ се осврна на член 13 од Деловникот каде се предвидува основање на работни групи и постојани советодавни групи кои ќе му помагаат на Комитетот. Воедно таа истакна дека е многу веројатно во текот на работата, членовите на Комитетот да имаат потреба од вакви групи по мерки и сектори како стручна помош и предложи сега да се постави прашањето за членовите во тие групи.

Господинот Димшоски го прифати предлогот за формирање на работни групи и побара коментари од останатите членови и од претставникот на Европската Комисија.

Претставникот на Европската Комисија истакна дека советодавните тела се воспоставуваат согласно конкретни потреби на Комитетот за следење на ИПАРД кога има отворени прашања и се потребни дополнителни анализи за одредени сектори.

Претседавачот истакна дека согласно член 13 од Деловникот јасно е дека Комитетот има право да формира советодавни групи. Со оглед дека препораката на Евроспката Комисија е тие групи да се формираат за конкретни прашања за кои е потребна советодавна поддршка, тој предложи прашањето за формирање на советодавни групи да се остави за следниот состанок кога попрецизно ќе се дефинира за кое прашање ќе се формираат групите, согласно потребите кои ќе произлезат.

*Според точка 21 од Агендата Комитетот за следење донесе одлука:*

| |
|---|
| ***Одлука бр.15*** |
| **Комитетот за следење на ИПАРД одлучи дека следниот состанок Мониторинг Комитет ќе се одржи во декември 2008.** |

***Во врска со точка 22 од Агендата:***

Претседавачот побара други коментари околу состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД и откако дополнителни коментари не беа дадени, тој заклучи дека првиот официјален состанок на Комитетот за следење на ИПАРД е затворен.

Потписи:

| **ВО ИМЕ НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД** | **ВО ИМЕ НА СЕКТЕРИЈАТОТ** |
|---|---|
| М-р Перица Иваноски | М-р Маргарита Делева |
| Титула: Претседавач | Титула: Раководител на Телото за управување со ИПАРД |
| Потпис: | Потпис: |
| Датум: 20.05.2009 | Датум: 20.05.2009 |